РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## 2016 година

Скопје, мај 2017 година

## Преглед

Пред нас е Годишниот извештај за работата на Државниот завод за статистика кој ги сублимира позначајните активности кои Заводот ги презеде и ги реализираше во текот на 2016 година.

Преземајќи активности за унапредување и збогатување на статистичката дејност, во 2016 година ДЗС посветено работеше на остварување на своите стратешки определби и реализација на поставените цели и обврски во Програмата за работа.

### Статистички истражувања

Во 2016 година, покрај редовно воспоставените истражувања, Државниот завод за статистика постигна прогрес преку спроведување на сите одложени истражувања од претходните години, но и спроведување на нови и значајни истражувања, масовни статистички операции и други активности, како што се:

- Пописот на училишен простор на основните и средните училишта во Република Македонија
- Попис на капацитетите во трговијата на мало
- Попис на угостителските и сместувачките капацитети
- Структурно истражување на земјоделските стопанства
- Анкета за странските туристи на граничните премини
- Анкета за странските туристи во сместувачките објекти
- Анкета за патувањето на домашното население
- Анкета за образование на возрасни
- Посебно значајна активност е спроведувањето на евиденција на примарните и на секундарните примерочни единици во избрани статистички кругови со цел ажурирање на рамката за избор на примерок во анкетните истражувања од областа на социјалните статистики.
- Во областа на националните сметки, беа преземени соодветни активности во насока на продолжување на имплементацијата на методологијата ЕСС 2010.
- Подготвени и доставени се до Евростат експерименталните табели за ЕДП – процедури за прекумерен дефицит.
- Усвоени се повеќе национални класификации и номенклатури.
- Беше извршена ревизија на Енергетскиот биланс за периодот од 2005 до 2014 година користејќи ги статистичките податоци обезбедени со анкетното истражување Потрошувачка на енергенти во домаќинствата, 2014
- Поддржувајќи ги критериумите на Политиката за квалитет на ДЗС, беа подготвени и објавени 190 извештаи за квалитет.

## Задоволување на потребите на корисниците

Заводот ги скрати роковите за обработка и објавување на податоци од неколку истражувања со што одговори на барањата на корисниците за обезбедување на навремени и релевантни статистички податоци.

Во насока на подобрување на достапноста на статистичките продукти, започнаа активностите за воспоставување на апликација за мобилни уреди – МакСтат.

МакСтат базата на податоци е збогатена со голем број на податоци што придонесе за уште поголемо користење на базата како извор на информации.

Според Извештајот на невладината организација Open data watch (ODW) за 2016 година, која се занимава со истражувања и анализи на поврзаноста на отворените податоци (Open data) и официјалните статистички податоци, Македонскиот статистички систем е рангиран на 30. место во светски рамки (меѓу 173 земји) и на 6. место меѓу земјите од Јужна Европа. Меѓу земјите-кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ, Македонскиот статистички систем се наоѓа на првата позиција.

## Олеснување на товарот на давателите на податоци

Стратешката определба на ДЗС за поголемо користење на административни податоци за статистички цели се реализираше преку анализа на расположливите административни податоци и преземање на активности за конкретна примена на овие податоци во статистичките истражувања и укинување на традиционалниот начин на прибирање на податоци со хартиени обрасци кај одредени истражувања.

Во системот за електронско прибирање на податоци од извештајните единици (еСтат) беа вклучени нови истражувања со што вкупната бројка се искачи на 29 статистички истражувања од различни области и периодика на спроведување.

## Соработка со давателите и корисниците на статистички податоци

Државниот завод за статистика ги продолжи и ги интензивираше активностите за проширување и продлабочување на соработката со давателите и корисниците на статистички податоци. Беа склучени меморандуми за соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС)и со Универзитетот за информатички технологии „Св. Апостол Павле“ од Охрид, а отпочнаа и активностите за склучување на Меморандум за соработка со Агенцијата за катастар на недвижности.

Во рамките на својата Комуникациска стратегија, Заводот реализираше низа предавања на неколку факултети во Република Македонија, а беше домаќин и на голем број студенти и професори кои преку посетата на Заводот се запознаа со статистичката дејност во Република Македонија.

Во соработка со стопанските комори, експерти на ДЗС одржаа предавања и презентации пред членките на коморите.

По повод Денот на статистиката, 1 јуни, Заводот распиша конкурс за ликовни творби на ученици од сите основни училишта во Република Македонија на тема „Светот низ бројки“, кој привлече огромно внимание. На конкурсот пристигнаа над 500 ликовни творби кои беа претставени на изложбата што беше организирана по тој повод.

Државниот завод за статистика се вклучи во одбележувањето на Европскиот ден на статистиката со организирање на Едукативен караван при што во текот на три месеци беа посетени 20 средни училишта во кои беа одржани предавања за значењето на статистиката и придобивките од користењето на статистичките податоци.

## Европска интеграција, меѓународна соработка и проекти

Процесот на европска интеграција на Република Македонија во областа на статистиката се реализираше во непосредна соработка со европското статистичко биро – Евростат.

Во октомври отпочна имплементацијата на твининг-проектот „Поддршка на Државниот завод за статистика во градењето на капацитетите и подобрување на усогласеноста со стандардите на Европската Унија“ кој ќе трае до 2018 година.
Во рамките на Повеќекорисничката програма ИПА 2013, отпочна подготовката на тендерска документација за договор за набавка на персонални компјутери со што во текот на 2017 година ќе се обнови компјутерската опрема.

Преку имплементацијата на Повеќекорисничката програма ИПА 2014, остварени се планираните резултати во рамките на пилот-проектите и тие се доставени до Евростат.

Се интензивираа подготвителните активности за Партнерското оценување од страна на Евростат со донесување на над 40 интерни акти и извештаи за усогласување со Кодот на добрата пракса на ЕУ .

## Координација на националниот статистички систем

Како координатор на статистичкиот систем, Државниот завод за статистика ја интензивираше соработката со овластените носители. Заводот ги поддржа овлатените носители во националниот статистички систем во процесот на нивното усогласување со Кодексот за работа на европската статистика и подготовките за Партнерското оценување. Народната банка на РМ и Министерството за финансии имаа посебна улога во овој процес со одговарањето на посебни прашалници за усогласеноста во доменот на нивните институции, а во рамките на националниот статистички систем на Република Македонија.

## Човечки ресурси

Заводот успеа да обезбеди стручно усовршување на вработените преку обуки, стажирања, учество на состаноци и конференции организирани од Евростат и други меѓународни институции, а потоа, стекнатите знаења беа споделени со колегите и преточени во секојдневното работење.
Сите овие постигнувања на Државниот завод за статистика се плод на политиките на менаџментот и посветената работа на вработените, кои и покрај сите предизвици со кои се среќаваа во текот на работата, со максимална професионалност успеаја да ги остварат поставените задачи и програмските цели.

# СОДРЖИНА


Преглед ... 2
Статистички истражувања ... 2
Задоволување на потребите на корисниците ... 3
Олеснување на товарот на давателите на податоци ... 3
Соработка со давателите и корисниците на статистички податоци ... 3
Европска интеграција, меѓународна соработка и проекти ... 4
Координација на националниот статистички систем ... 4
Човечки ресурси ... 4
ВОВЕД ... 6
1. СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА ... 7
1.1 Административни капацитети ... 7
1.2. Поддршка на статистичките аутпути, техничка инфраструктура ... 12
1.3. ДИСЕМИНАЦИЈА ... 16
2. СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ ... 23
2.1. Социјални статистики ... 23
2.2. Национални сметки ... 27
2.3. Деловни статистики, земјоделски статистики и статистики на животната средина ... 29
2.4. Сектор за регионални одделенија ... 34
3. КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ ... 34
3.1. Класификации ... 34
3.2. Статистички регистри ... 35
4. ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ ... 36
4.1. Европска интеграција ... 36
4.2. Меѓународни проекти во кои беше вклучен ДЗС ... 37
4.3. Комуникација и соработка со други институции ... 39
5. ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВАШЕ ДЗС ... 40
6. КООРДИНАЦИЈА НА СТАТИСТИЧКИОТ СИСТЕМ И ОВЛАСТЕНИ НОСИТЕЛИ ... 41
6.1. Народна банка на Република Македонија ... 41
6.2.Министерство за финансии ... 44
6.3. Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија ... 45
6.4. Министерство за внатрешни работи ... 45
6.5. Управа за хидрометеролошки работи ... 46
6.6. Институт за јавно здравје на Република Македонија ... 46
6.7. Агенција за вработување на Република Македонија ... 47
6.8. Согледувања на Државниот завод за статистика ... 47
Кратенки: ... 49

# ВОВЕД

Во согласност со член 21 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13,42/14, 192/15 и 27/16), Државниот завод за статистика (во натамошниот текст:ДЗС) подготви Годишен извештај за работата и за реализацијата на Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година од аспект на спроведените статистички истражувања од страна на ДЗС во 2016 година, но и од страна на овластените носители кои според Програмата спроведуваат статистички истражувања. Извештајот за работата во најголем дел е посветен на реализираните активности на ДЗС во 2016 година, од причина што ДЗС, според Законот за државната статистика, е координатор на статистичкиот систем на Република Македонија, со најголема надлежност, и во согласност со таа улога ја има најголемата одговорност за ефикасното и квалитетно функционирање на статистичкиот систем на Република Македонија.

Извештајот се состои од шест делови од кои пет се однесуваат на активностите на ДЗС, а еден дел ги опфаќа активностите на овластените носители (вкупно 6), од аспект на реализацијата на статистичките истражувања од Програмата за кои тие се надлежни.

Во првиот дел од Извештајот е опфатена статистичката инфраструктура на ДЗС, и во него се содржани податоци за потребните човечки и финансиски ресурси, стручното усовршување на вработените, институционалното опкружување на ДЗС, поддршката на статистичките аутпути и информатичката технологија. Како составен дел на статистичката инфраструктура е опфатена целокупната обемна и сложена активност на дисеминација на податоците на ДЗС во 2016 година.

Во вториот дел од Извештајот се содржани податоци за реализираните активности на ДЗС од аспект на статистиките по сектори, односно од Секторот за деловни статистики, Секторот за социјални статистики и Секторот за национални сметки.

Во третиот дел од Извештајот се дадени информации за активностите на ДЗС во однос на статистичките регистри кои се во негова надлежност и донесените статистички стандарди во 2016 година, односно усвоените номенклатури и класификации од страна на Владата на Република Македонија во 2016 година.Важна активност на ДЗС претставува следењето на европските стандарди и меѓународната активност. Државниот завод за статистика ја реализираше својата меѓународна активност во 2016 година преку непосредно учество во процесот на европската интеграција на земјата, како и преку учество во повеќе меѓународни проекти кои се реализираа во рамките на странската помош која му беше обезбедена на ДЗС. Четвртиот дел од Извештајот ги содржи наведените активности кои се реализирани во 2016 година.

Петтиот дел од Извештајот содржи информација и податоци за предизвиците со кои се соочуваше ДЗС во 2016 година.

Шестиот дел од Извештајот содржи краток осврт за координацијата на статистичкиот систем на земјата и за реализацијата на Програмата за статистички истражувања од страна на овластените носители во статистичкиот систем: Народната банка на РМ, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ, Агенцијата за вработување, Управата за хидрометеоролошки работи и Институтот за јавно здравје.

# 1. СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Статистичката инфраструктура претставува основен предуслов за остварување на целите на државната статистика кои се дефинирани во Законот за државната статистика и во други закони, а кои натаму се операционализираат во Стратегискиот план на ДЗС, но и во другите документи кои ги носи ДЗС.

## 1.1 Административни капацитети

Законот за државната статистика претставува темелен закон кој ја уредува улогата, положбата и надлежноста на Државниот завод за статистика. Со Законот се уредува и положбата и надлежноста на овластените носители, од аспект на статистичката дејност која тие ја реализираат. Законот беше донесен во 1997 година („Службен весник на Република Македонија" бр.54/97). Во изминатиот период Законот беше изменуван и дополнуван шест пати. Во 2016 година, во рамките на усогласувањето со новиот Закон за вработените во јавниот сектор, во јануари 2016, во Собранието на РМ беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр.27/16).

Покрај Законот за државната статистика, вториот најзначаен документ кој го носи Владата на Република Македонија, по предлог на ДЗС, претставува Програмата за статистички истражувања. Во Програмата се наведени статистичките истражувања кои во петгодишен период ги спроведува ДЗС и овластените носители. Во моментот, во примена е Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.20/2013,.24/2014,13/2015 и 7/2016).

Во јануари 2016 година Владата на Република Македонија ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година („Службен весник на РМ" бр.7/16) која претставува трета по ред измена на Програмата од 2013 година.

Со донесената Програма се направени значајни измени и дополнувања на Програмата за статистички истражувања. Притоа, ДЗС воведе две нови истражувања, извршена е промена на содржината кај одредени статистички истражувања, извршено е проширување на електронскиот начин на прибирање на податоци од известувачките единици, како и промена на рокот на објавување на дел од податоците.

Во однос на овластените носители (Народна банка на РМ), направени се изменувања и дополнувања на 14 статистички истражувања во делот на називите на истражувањата, кратката содржина и применетите меѓународни стандарди, и кај Министерството за финансии - промена на називот и содржината на едно статистичко истражување.

Поаѓајќи од законската обврска утврдена во Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административните службеници, директорот на ДЗС, во согласност со донесениот Правилник за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во Државниот завод за статистика, во февруари 2016 година спроведе постапка на распоредување на вработените, односно ги донесе решенијата за распоредување на вработените во ДЗС.

Во 2016 година ДЗС го донесе Стратегискиот план 2017-2019 година во кој ги дефинираше своите вредности, приоритети и стратегиски цели. Тој претставува основен документ во кој се интегрирани главните активности што треба да се спроведат во претстојниот период за да се обезбеди хармонизација на националните статистики со законодавството на ЕУ.

### 1.1.1. Човечки ресурси

Организациската структура на ДЗС и надлежностите се утврдени со Правилникот за внатрешна организација на ДЗС. Според наведениот Правилник, кој беше донесен од страна на директорот на ДЗС во декември 2015 година, ДЗС е организиран во седум сектори и 36 одделенија. Од наведениот број на одделенија, три се организирани вон секторите, додека осум од нив се регионални одделенија за статистика кои покриваат одредени области на територијата на Република Македонија (Штип, Велес, Струмица, Куманово, Тетово, Охрид, Битола и Скопје).

Бројот на вработените во Државниот завод за статистика, со состојба 31 декември 2016, изнесуваше 292 лица. Во централниот Завод се вработени 186 лица, а 106 лица во регионалните одделенија за статистика (вкупно 8) .

Графикон 1. Број на вработени во ДЗС, по локација и по пол




Графикон 2. Вработени во ДЗС, по локација и по образование



### 1.1.2. Стручно усовршување на вработените

Стручното усовршување на вработените во ДЗС претставува основен предуслов за создавање на стручни, компетентни и високомотивирани вработени кои ќе бидат подготвени да ги задоволат потребите не само на ДЗС во однос на продуцирањето на висококвалитетни и веродостојни статистички податоци, споредливи статистички податоци со развиените земји од ЕУ, туку и потребите на поширокиот круг на корисници во земјата. Стручното усовршување и обуката на вработените претставува континуирана активност во ДЗС на која од страна на високиот менаџмент на ДЗС се посветува големо внимание. Обуките во ДЗС, генерално, се реализираа преку два вида на обуки и тоа: генерички обуки, во најголем дел спроведени од страна на Агенцијата за администрација, и специјални статистички обуки кои беа реализирани, пред сè, од странски експерти во рамките на многубројните проекти.

Во 2016 година се реализирани 13 учества на 8 меѓународни конференции, а на 55 состаноци на Евростат присуствувале 63 претставници на ДЗС. Исто така, ДЗС имаше 364 учества на 97 обуки (надворешни обуки – експертски мисии, студиски посети, работилници, семинари, тренинг-курсеви, летни школи и сл.), организирани од надворешни експерти. Понатаму, ДЗС имаше 87 учества на 6 вебинари. Воедно, во извештајниот период, ДЗС беше домаќин на 1 студиска посета на претставници од Републичкиот завод за статистика на Република Србија. Во јули 2016 година, во заедничка организација на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА), Статистичкиот завод на ЕУ – Евростат и ДЗС се одржа Работилница за генерички закон за официјалната статистика.

Графикон 3. Учество на лица од ДЗС според видот на настанот



Заводот се претстави со 19 презентации и 2 труда на меѓународни настани, по покана од организаторите, со кои беа презентирани достигнувањата на Заводот во одделни области.

Во согласност со планот за обука, ДЗС и во 2016 година продолжи со практиката на организирање на предавања реализирани од страна на своите вработени. Се одржаа вкупно 19 внатрешни обуки на кои присуствуваа вкупно 87 лица, Од нив, 17 беа општи и 2 специјализирани обуки.

- Обуките се однесуваа на: Обука за партнерско оценување, Подготовка за следниот циклус на ЛПР, пет предавања од стажирање во Луксембург, две предавања од стажирање во Португалија, предавање од стажирање во Словенија, работилница за Е-стат, обука за подготвување на соопштенија и за подготовка на табели во МакСтат базата (две обуки).

### 1.1.3. Буџет на Државниот завод за статистика

Вкупниот буџет на ДЗС во 2016 година за реализација на неговите програмски и развојни функции изнесуваше 191.018.000 денари, а со ребалансот се намали за 1.000.000 денари. Буџетот на ДЗС во 2016 година, наменет за спроведување на редовните активности, во однос на претходната година, беше зголемен за 6,95%.

Во вкупниот буџет на ДЗС, учеството на средствата за Програмата 10-Администрација изнесуваше 1,22% , најголемо учество имаше Програмата 20-Статистички истражувања со 95,00%, Програма за попис учествуваше со 2,67%, а Програмата МА-Интеграција во ЕУ учествуваше со 1.09%.

Во одобрените средства за Програмата 20-Статистички истражувања, најголемо учество имаа средствата за плати и придонеси на вработените во ДЗС - 70,62%, за комунални услуги - 8,57%, додека средствата за спроведување на статистичките истражувања учествуваа со 9,27%, а средствата за капитални расходи со 8,86%. Во останатиот дел на средствата од оваа програма - 2,66%, учество имаа: патните и дневните расходи со 0,36%, материјалите и ситниот инвентар со 0,40%, поправките и тековното одржување со 1,45%, другите тековни расходи со 0,12% и субвенциите и трансферите со 0,31%. Од погоре дадените параметри на буџетот може да се констатира неговата неповолна структура, пред сè, од аспект на предоминантноста на делот за плати на вработените во однос на средствата за реализација на статистичките истражувања од Петгодишната програма за статистички истражувања.

Во 2016 година беа одобрени буџетски средства во висина од 5.088.000 денари за спроведување на Пописот на продажни капацитети, кој неколку претходни години беше одложуван поради неодобрен буџет за негово спроведување.

### 1.1.4. Внатрешна ревизија

Внатрешната ревизија во ДЗС се спроведува како независна активност на објективно уверување и советување, со цел да се утврди дали се применуваат соодветните политики и процедури, дали се применува регулативата и утврдените стандарди, дали средствата се користат ефикасно и економично и дали ефективно се остваруваат планираните цели.

Внатрешната ревизија му обезбедува на директорот на ДЗС дополнително уверување дека спроведувањето на механизмите за управување и контрола е соодветно, економично и конзистентно со општоприфатените стандарди и националното законодавство. Ревизијата му обезбедува на директорот анализи, препораки, совети и информации за прегледаните активности, со цел да придонесе во подобрувањето на работењето на ДЗС.

Внатрешната ревизија во Државниот завод за статистика се спроведува во согласност со принципите на законитост, независност, објективност, компетентност, професионалност, интегритет и доверливост.

Во текот на 2016 година во ДЗС отпочна процес на воспоставување и функционирање на системот на финансиско управување и контрола (ФУК). Задачата на внатрешната ревизија е да даде препораки за зајакнување на ФУК за транспарентно, регуларно, економично, ефикасно и ефективно користење на расположливите средства.

Внатрешните ревизори во текот на 2016 година извршија 5 ревизии и една Follow - up ревизија, за кои изготвија ревизорски извештаи, врз основа на Стратегискиот и Годишниот план за внатрешна ревизија и плановите за поединечните ревизии, во согласност со меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија. За наведениот период се направени 21 препорака.

Во 2016 година беше изготвен и Годишниот извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија за 2015 година.

### 1.1.5. Совет за статистика на Република Македонија

Советот за статистика на Република Македонија претставува стручно и советодавно тело на државната статистика, чијашто положба и надлежности се утврдени со членовите 10, 11 и 12 од Законот за државната статистика.

Актуелниот состав на Советот за статистика е формиран со Одлука на Собранието на Република Македонија бр.07-2155/1 од 30 април 2012 година (четврти состав). Во текот на 2016 година, Советот за статистика одржа вкупно 10 седници. Во согласност со неговата надлежност, утврдена во Законот за државната статистика, Советот разгледа повеќе материјали од областа на државната статистика и тоа:

- Извештај за работата на Советот за статистика во периодот јануари - декември 2015 година,
- Статус на имплементација на ЕСА 2010,
- Информација за текот на подготовките за партнерското оценување (ПР),
- Информација за текот на подготовките за спроведување на статистичкото истражување Структура на земјоделските стопанства,
- Информација за носителите на административни збирки на податоци потребни за користење и утврдување на методот за спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија,
- Годишен извештај за работата на Државниот завод за статистика во 2015 година,
- Информација за спроведување на ИПА проектите во Државниот завод за статистика,

- Информација за текот на подготовките за спроведување на Пописот на продажни капацитети во трговијата на мало и на угостителските објекти во Република Македонија,
- Информација за воспоставување на електронско прибирање на податоци, во согласност со Програмата за работа на ДЗС за 2016 година,
- Разгледување на Нацрт - стратегискиот план на Државниот завод за статистика, 2017 - 2019 год.,
- Информација за дополнување на ISCED 2011 со нови полиња на образование ISCED F13,
- Разгледување на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија - Поглавје 3.18 Статистика,
- Информација за ревизија на податоци од областа на националните сметки, во согласност со Акцискиот план за имплементирање на ЕСС 2010,
- Програма за работа на Државниот завод за статистика за 2017 година - краток осврт,
- Предлог - програма за работа на Советот за статистика на Република Македонија за 2017 година со предлог - буџет.

## 1.2. Поддршка на статистичките аутпути, техничка инфраструктура

### 1.2.1. Управување со квалитет

Основна рамка за управувањето со квалитет во ДЗС се стандардите за квалитет воспоставени во Европскиот статистички систем (ESS) и искажани во Декларацијата за квалитет на ESS и Кодексот за работа на европската статистика (во понатамошниот текст: Кодексот). Заводот во континуитет работи на имплементација на принципите од Кодексот, а со процесот на самооценување периодично се проверува степенот на усогласеност.

Со цел постигнување на висок квалитет на продуцирање на статистичките податоци, унапредување на статистичките процеси и разгледување на стручно-методолошки прашања, во текот на 2016 година, од страна на директорот на ДЗС, беше формиран Стручно-методолошки совет. Стручно-методолошкиот совет разгледа и даде позитивно мислење до Стручниот колегиум на повеќе упатства, прирачници, политики, како и иницијативи за воведување на нови статистички продукти, дополнување на постоечките, користење на админситративни извори со цел намалување на товарот на извештајните единици итн.

Во текот на 2016 година, работната група (РГ), формирана во 2015 година од страна на директорот на ДЗС, многу интензивно работеше на подготовките за Партнерското оценување на усогласеноста со Кодексот што се реализираше во февруари 2017. Во функција на усогласување беа подготвени повеќе релевантни документи Меѓу другите активности, оваа РГ ги поддржуваше и другите носители во националниот статистички систем (Народната банка на Република Македонија и Министерството за финансии) во процесот на пополнувањето на прашалникот за имплементацијата на Кодексот од аспект на овластените носители.

Со донесувањето на новата внатрешна организација и систематизација на ДЗС, на почетокот на 2016 година беше формирано ново Одделение за методологии, квалитет на статистичките истражувања и статистички класификации. Една од задачите на Одделението е да работи на активности поврзани со управувањето со квалитетот.

Во текот на 2016 беа подготвени или ажурирани вкупно 190 извештаи за квалитет, наменети за корисниците, на македонски и на англиски јазик, во стандардна метаподаточна структура (ЕСМС), кои беа публикувани на веб-страницата на ДЗС на почетокот на 2017. Овие извештаи за квалитет се подготвени за референтна 2015 година и континуирано ќе се подготвуваат со цел дополнително информирање на корисниците за истражувањата што ги спроведува ДЗС.

### 1.2.2. Користење на административни извори на податоци

Со одлука на директорот на ДЗС, во декември 2015 година е формирана Меѓусекторска работна група и е изработен акциски план за испитување на можностите за користење на административните збирки на податоци за статистички цели. Според акцискиот план, во првата половина на 2016 година се остварени повеќе средби и разговори со одредени ресорни министерства и институции, како и со ЗЕЛС, за содржината, формата и начинот на ажурирање на збирките на податоци. Активностите се завршени во мај 2016 година со изработка на информација за константираната состојба, која е разгледана од Стручно-методолошкиот совет на ДЗС. Исто така, направени се и други анализи во однос на содржината, квалитетот, сеопфатноста, споредливоста и други карактеристики на податоците од разни административни збирки и споредувани се дефинициите и стандардите применети во тие збирки со оние од статитичките истражувања. Ова е континуирана активност која се спроведува во ДЗС со цел зголемено користење на податоците од административните извори за статистички цели, делумна или целосна замена за теренското прибирање на податоци или, пак, за контрола на квалитетот на прибраните податоци.
Како резултат на стратешката определба на ДЗС за поголемо користење на административните податоци за статистички цели во завршна фаза се активностите за објавување на статистички податоци директно од админситративните податоци (базата на Управата за јавни приходи).

### 1.2.3. Нови методи и алатки во обработката на податоците:

Во ДЗС се следат и се применуваат алатките за обработка на податоци развиени од Евростат:

- Трансмисија на податоците од Анкетата за слободни работни места е направена во SDMX формат со користење на SDMX конверторот на Евростат;
- Во обработката на податоците од Анкетата за континуирана професионална обука користена е EDIT алатката за валидација на податоците;
- За сезонско прилагодување на податоците од краткорочните деловни статистики (Индустрија и Градежништво) во JDemetra+ е додаден македонскиот календар на работни денови за 2017 година.

Нови методи кои се применети по првпат:

- Избор на примерок за Анкетата за цена на трудот од новодефинирана рамка со користење на административни податоци од УЈП.
- Избор на примерок за Пилот-истражување за овошја со дефинирање на рамка од три извори (Попис на земјоделството, Структурно истражување на земјоделските стопанства 2013 и Структурно истражување на земјоделските стопанства 2016.
- Направена е калибрација на пондери од APC за обезбедување на кохерентност помеѓу кварталните и месечните податоци.
- Транскодификација и едитирање на податоци од Анкетата за образование на возрасни.

### 1.2.4. Метаинформациски систем и електронско прибирање на податоци

Државниот завод за статистика постојано е посветен на модернизација на методите во својата работа кои доведуваат до намалување на товарот на извештајните единици и на трошоците во работењето и едноставен пристап кон статистиките, овозможувајќи правилна интерпретација на податоците од страна на корисниците.

Во согласност со своите обврски, ДЗС ги применува препораките од Евростат за продуцирање на референтните метаподатоци на својата веб--страница, применувајќи ја воспоставената структура ESMS, ориентирана за надворешните корисници.

Стандардизацијата и хармонизацијата на статистичките варијабли и кодни листи се спроведува со цел зголемување на квалитетот на статистичките податоци и ефикасноста на процесот на продукција.

Системот еСтат вклучува инфраструктура за автоматско метаподаточно базирано креирање на прашалници и како таков истовремено претставува и централизирано складиште на структурни метаподатоци. Системот се користи за управување со метаподатоците и статистичките микроподатоци, а служи и како рамка за организација и координација на комуникацијата со извештајните единици и претставува систем за масовно испраќање на електронски нотификации.

Во 2016 година се воведени нови функционалности и подобрувања на еСтат системот со цел поедноставно креирање на е-прашалници, подигнување на нивото на ефикасност при доставувањето на податоци од страна на извештајните единици.

Системот активно функционира и заклучно со 2016 година се вклучени 29 статистички истражувања од различни области и периодика на спроведување. Неговата примена ги поддржува критериумите и ги зајакнува столбовите на Политиката за квалитет:

- Подобрување на навременоста
- Подобрување на прецизноста на податоците
- Рационално користење на расположливите ресурси

### 1.2.5. Намалување на оптовареноста на извештајните единици

Намалувањето на оптовареноста на извештајните единици претставува мошне значајна активност на ДЗС, поради што како приоритетна цел е утврдена во приоритетот „Јакнење на соработката со давателите на податоци и носителите на збирки на податоци" од Стратегискиот план на ДЗС.
Во 2016 година со Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) беше потпишан Меморандум за соработка

Активноста континуирано трае повеќе години при што во 2016 година посебен акцент беше ставен на реализирањето на обврските од веќе потпишаните меморандуми, односно анекси од 2015 година со :

- Управата за водење на матични книги
- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Централниот регистар на Република Македонија
- Анекс на Договорот со Народната банка на Република Македонија (НБРМ)
- Анекс на Договорот со Управата за јавни приходи (УЈП)

Исто така, во 2016 година продолжи примената на електронскиот систем за прибирање на податоци - еСтат каде што извештајните единици можат да ги доставуваат податоците преку веб-прашалници, при што се постигнува значително намалување на оптовареноста на извештајните единици-деловни субјекти. Освен умереното оптоварување, еСтат влијае и на значително намалување на трошоците за печатење на прашалници, но и на поштенските трошоци, како на страната на ДЗС, така и на страната на давателите на податоци.

### 1.2.6. Сигурност на податоците и статистичка доверливост

Во текот на 2016 година продолжи имплементацијата на методите за заштита од статистичко разоткривање со изработка на сопствени софтверски решенија, а воедно се зголеми и кругот на заинтересирани субјекти од научно-истражувачката заедница за користење на индивидуални податоци со кои располага ДЗС за научно-истражувачки цели.
За податоците од надворешна трговија, за сите години наназад до 2012 година е направена заштита на табеларните податоци при што се користени методите: п-процент правило и гранично правило или број на минимум појави 3. Заштитата се прави со софтверот Tau-Argus, а секундарната заштита се прави со HyperCub методот.
За податоците од областа на структурните деловни статистики кои се испраќаат во Евростат се подготвуваат 10 заштитетни датотеки. Тие имаат различна структура и во процесот на заштита се применуваат следните методи: доминантно правило (1, 75) и (2,75) и минимум фреквенција 4. Секундарната заштита се прави со методот HyperCube, имплементиран во Tau-Argus.
За истражувачки потреби се прави посебна заштита на податоците од истражувањата, како на пример, заштита на податоците од анкетата Иновациска дејност. Најпрво беа направени разни анализи заради примена на најсоодветните методи за заштита на податоците за да се добие датотека во која има минимална загуба на информации.

### 1.2.7. Користење на колаборативната инфраструктура на Евростат -трансмисија на податоци преку „Единствена влезна точка“

Преносот на податоци во Евростат со користење на алатките eDamis, преку Единствената влезна точка, се одвиваше тековно во рамките на воспоставената пракса и со почитување на роковите поставени од страна на Евростат, со тоа што бројот на доставени сетови на податоци континуирано се зголемува секоја година.

Во текот на 2016 година се направени вкупно 1119 испраќања на податоци, при што се испратени вкупно 724 сетови на податоци.

Заедно со сетовите на податоци, редовно се доставуваат и референтните метаподатоци со користење на Националниот едитор на референтни метаподатоци на Евростат, како алатка за нивна трансмисија.

## 1.3. ДИСЕМИНАЦИЈА

### 1.3.1. Дисеминација на податоците

Главна цел на дисеминацијата е да се обезбедат дисеминациски продукти и услуги на ДЗС со што се исполнуваат современите потреби на корисниците на официјалните статистички податоци.

Веб-страницата е главен канал за дисеминација на статистичките податоци и информации. Во текот на 2016 година беа започнати активности поврзани со креирање на МакСтат апликација за мобилни уреди која ги прикажува објавените соопштенија, публикации и индикатори, заедно со соодветен графички приказ и временски серии на податоците. Исто така, беа вложени големи напори од страна на вработените во ДЗС во подготвувањето на нови табели со податоци, како и во ажурирањето на постоечките табели со податоци со подолги временски серии во МакСтат базата на податоци.

### 1.3.2. Статистичките податоци достапни on-line - повеќе податоци и повеќе корисници

Веб-страницата на Државниот завод за статистика е основен извор на информации за официјалната статистика. На веб-страницата корисниците имаат пристап до публикациите што ги издава институцијата, како и пристап до МакСтат базата на податоци во која се содржани податоци од повеќе тематски области и податоци по региони и по општини. Веб-страницата на ДЗС во текот на 2016 година беше посетена 1,104,170 пати.

## Учество на посети по страници




## Учество на сесии по страници



Веб-страницата на ДЗС е дизајнирана според потребите и барањата на корисниците и е во согласност со европските стандарди. МакСтат базата на податоци станува главен канал за дисеминација на податоци и за таа цел беше тестирана новата верзија на PX Web софтверот која дава поголеми можности за корисниците за пристап, селектирање и излез во различни формати, како и можност за автоматизиран пристап до податоците во МакСтат базата. Новата верзија базирана на .NET технологија е поставена на веб-страницата на почетокот на 2016 година и затоа споредливоста на посетеноста со претходните години не е можна. Од јануари до декември 2016 година, табелите во базата на податоци вкупно се посетени 52 667 пати.

МакСтат базата на податоци постојано се збогатува со нови табели со податоци и со нови временски серии. Бројот на податоци организирани во Excel табели постојано се зголемува, така што на корисниците им се достапни табелите од статистичките прегледи и од Статистичкиот годишник и во Excel формат. Редовно се објавуваат информации за статистичките продукти и активности на ДЗС на социјалниот медиум Twitter.

Графикон 6. Посети и сесии според земјите од регионот




| | Македонија | Бугарија | Србија | Грција | Словенија | Хрватска | Босна и Херцеговина | Косово | Албанија | Романија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сесии | 184.442 | 2.642 | 2.384 | 1.370 | 1.226 | 810 | 725 | 552 | 610 | 501 |
| Посети | 882.671 | 14.196 | 13.317 | 7.342 | 5.139 | 4.680 | 4.645 | 3.075 | 2.655 | 2.517 |

Според статистиката на посети по земји од регионот, забележливо е дека веб-страницата, во најголем број е посетена од домашни корисници, додека односот на посети и сесии е сличен помеѓу сите земји, што укажува на сличен број на посетени страници по сесија кај сите корисници на веб-страницата.

### 1.3.3. Публицистичка дејност на институцијата

Резултатите од статистичките истражувања, објавени во статистичките публикации, се достапни до корисниците во земјата и во странство.

Статистиката за дисеминацијата покажува дека во 2016 година се остварени следните резултати:

- објавени се 310 изданија во едицијата „Соопштенија"
- објавени се 37 изданија во едицијата „Статистички прегледи"
- објавени се 6 мултидоменски изданија
- објавени се 12 броја на Месечниот статистички извештај (билтен), посебно на македонски, посебно на англиски јазик
- збогатена е МакСтат базата на податоци

Во рамките на публицистичката дејност на ДЗС, во 2016 година беа објавени: „Статистички годишник на Република Македонија" - публикација во која се презентирани статистички податоци за демографската, социјалната и економската состојба во Република Македонија, како и податоци за подолг временски период. Во посебно поглавје се презентирани споредбени податоци со другите земји во Европа и во светот.

„Македонија во бројки" - мал статистички годишник во кој преку табели и графикони се презентирани податоци за Република Македонија од сите области што се покриени со истражувањата што ги спроведува Државниот завод за статистика. И во ова издание е задржан концептот на претставување на податоци за Република Македонија споредени со податоци за земјите-членки на ЕУ и земјите-кандидати за членство во ЕУ.

„Одржлив развој" - публикација со која ДЗС ги реализираше своите напори на едно место да ги пресмета и да ги обедини расположливите индикатори за одржливиот развој во Република Македонија. Станува збор за индикатори со повеќестран карактер кои ја одразуваат економската, социјалната, еколошката и институционалната димензија на одржливиот развој.

„Регионите во Република Македонија" е седмо издание на ДЗС коешто ги содржи најновите економски и социодемографски податоци за регионите во државата. Статистичките податоци за регионите претставуваат придонес во исполнувањето на обврските на Република Македонија во рамките на регионалната политика на Европската Унија. Во оваа публикација, преку јасни и едноставни табели, мапи и графикони, статистичките региони се претставени во повеќе области, а кусите коментари придонесуваат за едноставно забележување на карактеристиките, сличностите и разликите меѓу регионите.

„Жените и мажите во Република Македонија" - деветто издание во 2016 година во кое се презентирани индикатори од родовите статистики кои овозможуваат да се следи процесот на воспоставување на еднакви можности и еднаков третман на жените и на мажите во разни области од животот: образованието, вработувањето, правосудството, културата, социјалната заштита.

„Статистика на животната средина“ - е петто издание на Државниот завод за статистика кое е со двегодишна периодика на објавување. Оваа публикација опфаќа определен сет на индикатори со цел да се добие посеопфатна слика за состојбите во животната средина. Оваа едиција се подготвува со соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање.

„МакСтат избор“ - за првпат објавена в 2016 година, каде што на еден поинаков начин се презентирани дел од податоците со кои располага Заводот, а за кои сметавме дека се интересни за поголем дел од нашите корисници. Публикацијата е поделена во 20 области во кои преку табели, графикони, инфографици и кратки коментари се презентирани трендовите на дел од појавите што ги следи статистиката. Низ страниците се преточени голем број на податоци кои визуелно ги претставуваат социоекономските случувања во Република Македонија и претставуваат слика на она што е денес нашата земја.

Во рамките на одбележувањето на 25-годишнината на независна Република Македонија Државниот завод за статистика објави две пригодни публикации:

- „25 години независна Македонија“ - ревијално издание во кое преку бројки се отсликува периодот на независноста на РМ на полето на општествено-политичкиот и економскиот живот на земјата.

- „Статистички албум“ во кој преку табели, графикони и инфографици е претставен развојот и достигнувањата на Република Македонија во последните 25 години.

Државниот завод за статистика постојано вложува напори за развој и унапредување на дисеминациските продукти со цел да се приближи до поголем број на корисници и да ја зголеми свесноста за значењето на статистичките податоци и нивната употреба.

Графикон 7. Посети на МакСтат базата на податоци на веб-страницата на ДЗС, 2016



Графикон 8. Издадени публикации, 2016 година




Сите публикации се расположливи за корисниците и на веб-страницата на Државниот завод за статистика: www.stat.gov.mk




| | Статистички годишник | Месечен статистички извештај | Анкета за работната сила | Природно движење на населението | Бруто-домашен производ | Сторители на кривични дела | Попис на населението, домаќинствата и становите 2002, Книга XIII | Македонија во бројки | Регионите во Република Македонија | Полјоделство, овоштарство и лозарство |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Посети | 7,069 | 5,408 | 4,210 | 3,704 | 3,574 | 3,479 | 3,122 | 3,110 | 2,595 | 2,442 |
| Сесии | 748 | 167 | 427 | 187 | 116 | 306 | 535 | 158 | 224 | 303 |

Графикон 9. Број на посети и сесии по публикации

Во делот на објавените публикации, според статистиката на посетеност на веб-страницата, Статистичкиот годишник е најпосетената публикација во 2016 година.




| | Просечна месечна исплатена нето-плата по вработен | Просечна месечна исплатена бруто-плата по вработен | Туризам | Индекси на трошоците на животот според COICOP и цени на мало | Обем на стоковната размена со странство | Бруто-домашен производ | Активно население | Индекси на индустриското производство | Бруто-домашен производ, тримесечни податоци | Природно движење на населението |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Посети | 18,198 | 3,468 | 2,796 | 2,672 | 2,366 | 2,337 | 2,279 | 1,629 | 1,618 | 1,435 |
| Сесии | 434 | 129 | 180 | 162 | 126 | 64 | 93 | 69 | 58 | 64 |

Графикон 10. Број на посети и сесии по соопштенија

Во 2016 година, најпосетено било соопштението „Просечна месечна исплатена нето-плата по вработен", кое со 18 198 посети се издвојува пред останатите соопштенија. Соопштенијата „Просечна месечна исплатена бруто-плата по вработен", „Туризам", „Индекси на трошоците на животот според COICOP и цени на мало" и „Обем на стоковната размена со странство" ја закоружуваат листата на 5-те најпосетени соопштенија за 2016 година.

### 1.3.4. Едноставно доставување на податоците до корисниците

Освен податоците и информациите на веб-страницата, корисниците имаат можност да доставуваат барања за податоци и информации или да ја посетат Библиотеката на Заводот. Во текот на 2016 година е одговорено на 912 барања за статистички податоци од кои најголем дел се одговорени по електронска пошта, а дадени се и околу 620 телефонски информации за статистички податоци.

Библиотеката на ДЗС ја посетија 30 корисници кои ги користеа публикациите на институцијата и останатиот библиотечен фонд. Обработката на библиотечниот материјал продолжи и во 2016 година и во COBISS алатката се обработени 49 наслови.

Во насока на задоволување на современите потреби на корисниците на официјалните статистички податоци и подобрување на достапноста на статистичките продукти, Државниот завод за статистика започна активности за воспоставување на апликација за мобилни уреди – МакСтат

### 1.3.5. Поголема застапеност на статистичките податоци во медиумите

Медиумите се многу важен дел од корисниците на официјалните статистички податоци, бидејќи преку медиумите статистичките податоци се достапни до широката јавност. Едицијата „Соопштенија“ е најчесто користен медиум од страна на новинарите. Државниот завод за статистика ги следи печатените медиуми и веб-порталите и според расположливите податоци, во 2016 година се објавени 756 написи во печатените медиуми од кои најголем дел се однесуваат на интерпретација на статистичките податоци од областа на индустријата, населението и приходите, потрошувачката и цените.

Соработката со медиумите, еден од главните канали за дисеминација на статистичките податоци, се одвиваше преку комуникација на одговорните лица со сите медиуми при што значително е зголемен интересот за статистичките продукти.

# 2. СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ

## 2.1. Социјални статистики

Во Секторот за социјални статистики постигнат е напредок во следните области:

Во областа на образованието и науката, се спроведе Пописот на училишен простор на основните и средните училишта во РМ (училишта и училишни згради) по електронски пат, преку еСтат. Првите резултати од овој Попис беа публикувани во вид на соопштение во декември 2016;

Континуирано, на тримесечно ниво, продолжи да се спроведува активноста за евиденција на примарните и на секундарните примерочни единици во избраните пописни кругови во истражувањата од областа на социјалните статистики. Добиените податоци се вклучуваат при изборот на примерокот во анкетните истражувања;

- За првпат беа пресметани и објавени три подиндекси на трошоците на животот во МакСтат базата и тоа:

Вкупен индекс со исклучени енергија, течни горива и мазива и храна,

Вкупен индекс со исклучени енергија, течни горива и мазива и непроцесирана храна,

Вкупен индекс со исклучени енергија, течни горива и мазива, непроцесирана храна, тутун и алкохолни пијалаци.

Во рамките на истражувањето за видот на образованието на возрасните лица, беа подготвени инструментите за спроведување на истражувањето. Беше спроведено тестирање на инструментите за прибирање на податоци за лицата на возраст од 25 до 64 години, а потоа се спроведе и главната анкета на терен;

Со цел продолжување на унапредувањето на истражувањата од областа на пазарот на трудот започнаа активности кои се базираат врз определувањето на можноста за користење на административни извори кои ќе помогнат во ревидирањето на инструментите потребни за прибирање на податоците од деловните субјекти;

Управата за јавни приходи (УЈП) почна да ги доставува податоците на дневна основа, според вработени и деловени субјекти. Направена е детална анализа на базата од УЈП за варијаблите потребни за пресметка на просечната месечна бруто и нето-плата и утврeден е сет на податоци врз основа на кој се направени прелиминарни пресметки на просечната бруто и нето-плата по месеци за цела 2016. Целта е да се промени начинот и методот на прибирање на податоци во месечното истражување за бруто и нето-плати со употреба на податоците од Управата за јавни приходи како единствен и целосен административен извор со што ќе се намали оптовареноста на извештајните единици (деловните субјекти), ќе се намалат финансиските трошоци за печатење на обрасци, телефонски контакти, ќе се намали бројот на човечки ресурси ангажирани за прибирање на податоците од терен, а истовремено ќе се подобри и квалитетот на податоците;

За првпат во октомври е пресметан Gender Pay Gap (полова разлика во плата) и бројот на вработени од истражувањето Структура на заработувачката, и истиот месец податоците се испратени до Евростат;

Со објавувањето на финалната верзија (2016 година) на Меѓународните препораки на ОН/Евростат за пописите на населението и домувањето, околу 2020/2021г, формирана е работна група за проучување на можностите за примена на препорачаните главни и споредни белези и за избор на соодветен методолошки пристап за спроведување на идниот Попис на населението, домаќинствата и становите;

Во доменот на виталните статистики, од јануари , во согласност со Регулативата на ЕУ бр. 1216 /2013, стартуваше примената на белегот земја/држава на раѓање на родителите на родените, на умреното лице, за мајката на умреното доенче и на сопружниците;

Во областа на социјалната заштита, истражувањето за домови за ученици/ студенти кои се школуваат надвор од местото на престојот на родителот-издржувателот почна да се спроведува по електронски пат преку еСтат;

Во областа на детската заштита направени се измени во обрасците за установи за згрижување на деца - детски градинки/центри за ран детски развој во согласност со Министерството за труд и социјална политика;

Исто така, по електронски пат, преку еСтат се спроведени и истражувањата за радио, телевизија, музеи и музејски збирки;

Публикациите Издавачка дејност и Култура и јавно информирање се укинати во хартиена форма и од 2016 година се достапни во МакСтат базата на податоци;

Во областа на судските статистики започнаа активности во насока на унапредување и подобрување на досегашната комуникација со надлежните основни јавни обвинителства и основните судови за размена на потребните информации кои ќе условат ревидирање на инструментите за прибирање на податоците од областа на правосудството;

Со цел да се добијат податоци за стекнување на нови знаења и/ или развој на постоечките знаења за реализација на обврските на вработените, спроведена е Анкета за континуирана професионална обука во деловните субјекти. Исто така, и оваа Анкета се спроведе по електронски пат преку еСтат;

Во областа на науката, за истражувањето Истражување и развој се подготвија три засебни прашалници за секој сектор (деловни субјекти, високо образование, влада и непрофитен сектор), во согласност со упатството Frascati;

Се спроведе реанкетирање на домаќинствата од Анкетата за работната сила во 66 announcement пописни кругови. Беше извршено повторно анкетирање на лицата во домаќинствата кои еднаш веќе беа анкетирани. Целта на оваа активност беше да се направи проверка на квалитетот на добиениот материјал, како и проверка на работата на анкетарите;

Покрај податоците во редовните соопштенија и публикации од областа на пазарот на труд, за првпат беа објавени нови податоци по региони во МакСтат базата. Податоците се од Анкетата за работната сила, а се однесуваат на економски активното и неактивното население;

Се одржаа и 3 обуки на анкетарите во насока на подобрување на квалитетот на анкетниот материјал од анкетите кои се спроведуваат во секторот Социјални статистики;

Во соопштение се објавени Лаекен индикаторите за сиромаштија за 2015 година. До Евростат се доставени ревидираните податоци за cross-sectional и longitudinal базите за АПУЖ 2015. Од оваа област се објавени и публикациите Приходи и услови за живеење за 2014 и 2015 година. Во истражувањето АПУЖ 2016 се вклучени и задолжителните варијабли од препорачаните модули;

Продолжено е со пресметките на експерименталниот Хармонизиран индекс на трошоците на животот (HICP) и Хармонизиран индекс на трошоците на животот по постојани даноци (HICP-CT) кои на месечно ниво се доставени до Евростат, како и експерименталните листи на административни цени (HICP-AP);

До Евростат се доставени базите со микроподатоци од Анкетата за потрошувачката на домакинствата (АПД) 2015.

## Методолошки подобрувања во статистичките истражувања

Заради систематски развој на истражувањата за наука и усогласувањето со методологијата на OECD - упатството Frascati 2002, како и обезбедување на податоци со поголема меѓународна споредливост, во 2016 година се направени промени во обрасците за Истражување и развој. Како резултат на направените промени се пресметаа нови индикатори и се дополни сетот на податоци кој се доставуваше до Евростат и OECD со податоци за трошоците.

Во рамките на ИПА проектите се дадени препораки за методолошки подобрувања во истражувањата опфатени со проектите.

**Планирани и реализирани статистички истражувања:**

1. Сектор за социјални статистики

| Периодика - област | Број на истражувања во 2016 год. | Број на истражувања во 2015 год. |
|---|---|---|
| Одделение за животен стандард | | |
| месечни | 1 | 1 |
| годишни | 2 | 2 |
| аналитички | 1 | 1 |
| петгодишни | - | - |
| вкупно | 4 | 4 |
| Одделение за социјална заштита, судски и јавни статистики | | |
| годишни | 27 | 27 |
| двегодишни | | 1 |
| тригодишни | 1 | 1 |
| петгодишни | | |
| вкупно | 28 | 29 |
| Одделение за образование и наука | | |
| годишни | 20 | 20 |
| двегодишни | - | - |
| тригодишни | - | - |
| петгодишни | 1 | - |
| десетгодишни | 1 | - |
| вкупно | 22 | 20 |
| Одделение за статистика на население | | |
| годишни | 7 | 7 |
| вкупно | 7 | 7 |
| Одделение за пазар на трудот | | |
| месечни | 1 | 1 |
| годишни | 1 | 1 |
| тримесечни | 2 | 2 |
| четиригодишни | - | 1 |
| петгодишни | 1 | - |
| вкупно | 5 | 5 |
| Вкупно Сектор за социјални статистики | 66 | 64 |

## 2.2. Национални сметки

Во областа на националните сметки, во 2016 година, во насока на продолжување на имплементацијата на методологијата ЕСС 2010, беа преземени соодветни активности:

Тековно се објавуваат податоци за бруто-домашниот производ на тримесечно и на годишно ниво, на национално и на регионално ниво, како и табелите на понуда и на употреба и се испраќаат во согласност со Трансмисиската програма на ЕСС 2010;

Редовно се испраќаат податоци и до останатите меѓународни институции од областа на националните сметки. Тековно се работи на подготвување на дефинитивните податоци на секторските сметки за 2015 година, како и усогласување на податоците според ЕСС 2010 за периодот 2008-2011 година, и подобрување на пресметките за периодот 2012-2014. Континуирано се работи на подготвување на секторските нефинансиски сметки. Предвидените активности за 2016 година за истражувањето „Паритет на куповната моќ" се реализирани во согласност со планираната динамика;

Во согласност со утврдениот план и динамика се одвиваа активностите во однос на секторизацијата на единиците во институционални сектори, во рамките на формираната Работна група од страна на ДЗС за секторизација на институционалните единици. Оваа Работна група минатата година се прошири и редовно работи на секторизирање на граничните случаи;

Во соработка со Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија се продолжи со обезбедување на податоци за подготвување на табели за прекумерниот дефицит.

Во текот на 2016 година се подготвени и испратени до Евростат нотификациски тетабели (Табели 1 и 2) за 2012 и 2013 година, според Процедурата за прекумерен дефицит, користејќи ја методологијата за дефицит и долг на Евростат. Табелите се испратени во два извештајни периода и тоа во април 2016, во согласност со ЕСС95, и во октомври 2016, во согласност со ЕСС2010.

Подготвен е и потпишан Анекс 4 на Меморандумот за соработка помеѓу ДЗС, НБРМ и Министерството за финансии;

Формирана е работна група од страна на директорот на ДЗС за ЕДП табели, за нивна подготовка и методолошко подобрување на табелите;

Направени се измени, усвоени од страна на Владата, и објавена е измената на Класификацијата за секторизирање на институционалните единици;

Во рамките на надворешната трговија, покрај редовните податоци, се објавија и резултатите од истражувањето Стоковна размена според економските карактеристики на претпријатијата. Подетални податоци за секоја табела се прикажани во МакСтат базата на податоци која се ажурира тековно;

Изготвена е серија на податоци за регионален БДП во серија 2000-2008, според НКД Рев.2;

Табелите за понуда и за употреба за 2014 година-дефинитивни податоци се составени и испратени во Евростат во согласност со ЕСС 2010, користејќи ја алатката SDMX;

Подготвени се податоци и табели за трошоците за финална потрошувачка на домаќинствата, според ЕСС 2010 Програмата на Евростат за доставување на податоци;

Скратен е рокот за објавување на БДП на тримесечно ниво;

Подготвени се експериментални табели на понуда и на употреба по постојани цени за 2012, 2013 и 2014 година;

Се работи на подобрување на пресметките на даноците и маржите во рамките на подобрувањето на табелите на понуда и на употреба и инпут-аутпут табелите по основни цени;

Направена е експериментална пресметка на вредноста на софтверот за сопствена употреба за 2014 година што се третира и како основно средство, односно се капитализира, во согласност со ЕСС 2010; Се работи на подготовка на серија на податоци за периодот 2000-2015 година.

### Методолошки подобрувања во статистичките истражувања

Континуирано се работи на активности во врска со подобрувањето на пресметките и индикаторите за БДП на годишно и на тримесечно ниво, пресметката на основните средства и залихите, ЕДП – процедури за прекумерен дефицит, табелите за понуда и за употреба.

### Новитети

Скратен е рокот за публикување на БДП на тримесечно ниво, со цел во наредниот период да може да се постигне рокот во согласност со Трансмисиската програма ЕСС 2010.

Објавени се измените на Класификацијата на институционалните сектори, во согласност со препораките на ЕСС 2010.

За првпат се подготвени и пратени во Евростат ЕДП табелите.

### Планирани и реализирани статистички истражувања

2. Сектор за национални сметки

| Периодика - област | Број на истражувања во 2016 год. | Број на истражувања во 2015 год. |
|---|---|---|
| Сектор за национални сметки | | |
| годишни | 2 | 2 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| по план за анкети од Евростат | 7[1)] | 6[1)] |
| аналитички | 27 | 27 |
| Вкупно Сектор за национални сметки | 37 | 36 |

[1)] Истражување Паритет на куповната моќ

## 2.3. Деловни статистики, земјоделски статистики и статистики на животната средина

Во 2016 година продолжија активностите кои се во функција на подобрување на статистиките од областа на деловните статистики, земјоделските статистики и статистиките на животната средина и хармонизирање на статистиките со европските регулативи. Посебен акцент беше даден на подготвителните активности коишто се однесуваа на реализација на значајни повеќегодишни истражувања, сите спроведени во текот на 2016 година:

- Попис на капацитетите во трговијата на мало
- Попис на угостителски и сместувачки капацитети
- Структурно истражување на земјоделските стопанства
- Анкета за странски туристи на гранични премини
- Анкета за странски туристи во сместувачки објекти
- Анкета за патување на домашното население

### 2.3.1. Деловни статистики

Во делот на статистичките истражувања од обласа на деловните статистики (прибирање, обработка и дисеминација), во 2016 година беше реализирано следното:

- Претходните податоци за Структурните деловни статистики (SBS) за референтната 2015 година се подготвени, публикувани на веб-страницата на ДЗС и доставени до Евростат. За зголемување на степенот на усогласеност со регулативата за Структурните деловни статистики (Анекс 8), во текот на 2016 беше подготвено и спроведено редовно статистичко истражување за услугите во деловниот сектор;
- Во однос на демографијата на претпријатијата се подготвија податоците за згаснати претпријатија за периодот 2013-2014 година;
- Извршено е усогласување на прашалниците од обласа на Информатичко комуникациските технологии во домаќинствата и деловните субјекти во согласност со Регулативата 2015/2003;
- За краткорочните статистики редовно се доставуваат статистички податоци придружени со метаподатоци до Евростат преку Националниот метадата едитор;
- За добивање на нови индикатори во обласа на туризмот, во периодот од јуни до септември 2016 година се спроведоа 2 статистички истражувања: странски посетители на гранични премини и странски посетители во сместувачки капацитети;
- Во ноември 2016 година се спроведе Пописот на капацитетите во трговијата на мало и Пописот на угостителските и сместувачките капацитети;
- Се отпочна со квартално прибирање на податоците за истражувањето Деловни тенденции во градежништвото преку еСтат;
- Започнато е со квартално прибирање на податоците за истражувањето Деловни тенденции во трговија на мало, преку еСтат.

### 2.3.2. Земјоделски статистики

Во делот на статистичките истражувања од областа на земјоделските статистики (прибирање, обработка и дисеминација), во 2016 година беше реализирано следното:

- Постигнато е подобрување во статистиката за добиточно производство со вклучување на годишно статистичко истражување за млеко и млечни производи;
- Во 2016 година се спроведе третото статистичко истражување за структурата на земјоделските стопанства,
- Се обезбедија и се анализираат податоците за лозарство и овоштарство од административни извори (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство);
- Се доставија податоци до Евростат за заклан добиток на месечно ниво;
- Започнато е со годишно прибирање на податоците за истражувањето за штети во државните шуми преку еСтат;
- Започнато е со годишно прибирање на податоците за истражувањето за штети во приватните шуми преку еСтат;
- Започнато е со прибирање на податоците за истражувањето Годишен извештај за сточарство преку еСтат;
- Започнато е со месечно прибирање на податоците за истражувањето Заклан добиток во кланица преку еСтат.

### 2.3.3. Статистики на животната средина, енергетиката и транспортот

Во делот на статистичките истражувања од областа на животната средина, енергетиката и транспортот (прибирање, обработка и дисеминација), во 2016 година континуирано се следеа промените во регулативите на ЕУ и беше реализирано следното:

- Се изврши ревизија на Енергетскиот биланс од 2005 до 2014 година користејќи ги статистичките податоци обезбедени со анкетното истражување Потрошувачка на енергенти во домаќинствата, 2014. Воедно, беа преработени сите енергетски индикатори, меѓу кои и индикаторот за учеството на обновливата енергија во финалната потрошувачка;
- Во процесот на прибирање на податоци од областа на енергијата се вклучија сите нови енергетски капацитети;
- Се изврши ревизија на сетот на податоци за даноците поврзани со животната средина и се подготви серија на податоци за даноците поврзани со животната средина (2010-2014);
- Започнато е со годишно прибирање на податоците за истражувањето за локални патишта и мостови преку еСтат;
- Започнато е со полугодишно прибирање на податоците за истражувањето Цени на становите преку еСтат;
- Започнато е со месечно прибирање на податоците за истражувањето за Потрошувачка на енергенти и видови енергии на деловните субјекти преку еСтат;

### Методолошки подобрувања во статистичките истражувања

Извршено е дизајнирање и подготовка на нови прашалници за сите истражувања кои се однесуваат на информатичко-комуникациската технологија, во согласност со методологијата и препораките на Евростат за 2016 година.

Извршено е усогласување со европските стандарди на прашалниците за: Попис на капацитетите во трговијата на мало, Попис на угостителски и сместувачки капацитети, Анкета за странски туристи на гранични премини, Анкета за странски туристи во сместувачки капацитети и Анкета за патување на домашното население.

### Новитети

За првпат се изврши ревизија на Енергетскиот биланс за периодот од 2005 до 2014 година користејќи ги статистичките податоци обезбедени со анкетното истражување Потрошувачка на енергенти во домаќинствата, 2014..

### Планирани и реализирани статистички истражувања

3. Сектор за деловни статистики, земјоделски статистики и статистики на животната средина

| Периодика - област | Број на истражувања во 2016 год. | Број на истражувања во 2015 год. |
|---|---|---|
| Одделение за градежна статистика, енергетика и транспорт | | |
| Енергија | | |
| годишни | 12 | 12 |
| месечни | 12 | 12 |
| полугодишни | 2 | 2 |
| **Транспорт** | - | - |
| годишни | 11 | 11 |
| петгодишни | - | 3 |
| месечни | 2 | 2 |
| тримесечни | 2 | 2 |
| **Градежништво** | | |
| годишни | 5 | 5 |
| полугодишни | 1 | 1 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| месечни | 3 | 3 |
| Вкупно | 51 | 53 |

| Одделение за земјоделски статистики и статистики на животната средина | | |
|---|---|---|
| Земјоделство - општо | | |
| тригодишни | 1 | - |
| годишни | 2 | 2 |
| месечни | 2 | 2 |
| Растително производство | | |
| годишни | 7 | 7 |
| Добиточно производство | | |
| годишни | 3 | 2 |
| месечни | 1 | 1 |
| Шумарство | | |
| годишни | 7 | 7 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| Лов и риболов | | |
| годишни | 2 | 2 |
| Земјоделски цени | | |
| месечни | 2 | 2 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| Економски сметки во земјоделството | | |
| годишни | 3 | 3 |
| Водостопанство | | |
| тригодишни | 2 | - |
| годишни | 6 | 6 |
| Животна средина | | |
| двегодишни | - | 1 |
| годишни | 2 | 2 |
| Вкупно | 42 | 39 |

| | | |
|---|---|---|
| Одделение за индустрија и деловни тенденции | | |
| **Индустрија** | | |
| месечни | 2 | 2 |
| годишни | 1 | 1 |
| **Деловни тенденции и цени** | | |
| месечни | 1 | 1 |
| тримесечни | 3 | 3 |
| полугодишни | 1 | 1 |
| годишни | 1 | 1 |
| месечни | 4 | 4 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| Вкупно | 14 | 14 |
| Одделение за внатрешна трговија, ИКТ, туризам и угостителство | | |
| **ИКТ** | | |
| годишни | 5 | 5 |
| тримесечни | 2 | 2 |
| месечни | 1 | 1 |
| **Внатрешна трговија** | | |
| годишни | 1 | 1 |
| тримесечни | - | - |
| месечни | 2 | 2 |
| петгодишни | 1 | - |
| двегодишни | 3 | - |
| **Угостителство и туризам** | | |
| годишни | 2 | 2 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| месечни | 2 | 2 |
| тригодишни | 1 | - |
| петгодишни | 4 | - |
| Вкупно | 25 | 16 |
| Одделение за статистички деловен регистар и структурни деловни статистики | | |
| годишни | 2 | 2 |
| Вкупно Сектор за деловни статистики, земјоделски статистики и статистики на животната средина | 137 | 131 |

### 2.4. Сектор за регионални одделенија

Во согласност со Правилникот за внатрешна организација од 2015 година, ДЗС е организиран во централна институција во Скопје и осум регионални одделенија на територијата на целата држава (Скопје, Тетово, Куманово, Велес, Штип, Битола, Охрид и Струмица).

Основната улога на регионалните одделенија е прибирање на податоци, шифрирање и прва контрола на статистичките обрасци кои се прибираат од извештајните единици. За одреден број на статистички истражувања се врши внес и техничка обработка на податоците (од областа на демографијата). Покрај наведената улога, регионалните одделенија имаат значајна улога во процесот на формирање и ажурирање на анкетарската мрежа. Имено, регионалните одделенија имаат примарно значење во постапката на евидентирање и селектирање на кандидатите за анкетари кои ја сочинуваат анкетарската мрежа на ДЗС, како и во секојдневниот контакт со нив при спроведувањето на анкетните истражувања.

Со оглед дека во ДЗС сè уште примарен извор на податоци од извештајните единици кои се прибираат со посредство на статистички обрасци на терен, се самите извештајни единици, регионалните одделенија, и покрај сè поголемото значење на административните извори на податоци (за 35 истражувања), и во наредниот период ќе имаат примарна улога во процесот на обезбедување на статистички информации од терен.

## 3. КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ

### 3.1. Класификации

Во однос на класификациите, во 2016 година беа усвоени повеќе национални класификации и класификации/номенклатури кои се стандард на ДЗС:

- Класификација на институционалните сектори, 2016, Одлука на Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ", бр. 75/2016);
- Номенклатура на градежни објекти и градежни работи, 2015, стандард на ДЗС;
- Транспортна класификација на стоки, 2015, стандард на ДЗС;
- Класификација на активности и трошоци за заштита на животната средина, 2015, стандард на ДЗС.

Беа изработени и кореспондентни табели помеѓу:

- Класификацијата на институционалните сектори (2016) и Класификацијата на институционалните сектори (2005);
- Националната класификација на занимањата (2015) и Националната класификација на занимањата (2011).

### 3.2. Статистички регистри

Статистичките регистри претставуваат значајна алатка на Државниот завод за статистика во функција на реализација на неговите законски надлежности. Имајќи го предвид наведеното, а во функција на целосно заокружување на процесот на формирање на статистичките регистри во ДЗС, во 2015 година е формирана работна група за испитување на расположливоста и можностите за користење на административните збирки на податоци за статистички цели. Работната група подготви сеопфатна информација за својата работа и во мај 2016 година ја достави до Стручно-методолошкиот совет на ДЗС.

#### 3.2.1. Статистички регистар на просторни единици

Во текот на 2016 година се продолжи со ажурирање на податоците во апликацијата веб-картографија. Во текот на 2016 година се подготви и се усогласи текстот на Меморандумот за соработка со Агенцијата за катастар на недвижности, кој се очекува да се потпише во 2017 година. За спроведување на Пописот на капацитетите во трговијата на мало и Пописот на капацитетите во угостителството се подготвија скици на пописни кругови и прегледни карти.

#### 3.2. 2. Статистички деловен регистар

Редовно се врши ажурирање на Статистичкиот деловен регистар и се прави тековна контрола на точноста на квалитетот на податоците, особено на податоците за дејноста, големината, адресниот податок итн.

Подготвена е базата на групите на претпријатија со состојба 2014 и 2015 година.

Во рамките на Пилот-проектот за профилирање подготвено е т.н. деск-профилирање на две групи на претпријатија и интензивно профилирање на една група на претпријатија.

#### 3.2.3. Статистички регистар на земјоделски стопанства

Континуирано се работи на процедурите за ажурирање на податоците во Регистарот со податоци од административни извори и статистички истражувања.

Статистичкиот регистар на земјоделски стопанства е рамка за избор на примерочните истражувања од областа на земјоделството.

#### 3.2.4. Складиште за национални сметки

Како една од суштинските активности во следниот период е надградувањето на Складиштето на податоци во областа на националните сметки, односно креирањето на инпутите и аутпутите на Складиштето.

Како резултат на склучениот договор за услуги „Tailor-made software development for data warehouse for economic statistics", завршена е првата фаза од подготовката на тендерската документација за проект за редизајн на Складиштето за национални сметки, финансиран преку ИПА 2013.

# 4. ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

## 4.1. Европска интеграција

Процесот на европска интеграција на Република Македонија во областа на статистиката се реализира во непосредна соработка со Евростат, кој на ДЗС, како национален координатор на статистичкиот систем на земјата, му дава помош и поддршка во процесот на усогласување на националните статистички стандарди и податоци со меѓународните статистички стандарди и податоци, особено од земјите-членки на ЕУ.

Државниот завод за статистика, како координатор на Работната група број 18-Статистика, во функција на редовно, квалитетно и навремено следење и информирање за напредокот во усвојувањето на законодавството на ЕУ, со месечна, тримесечна и годишна периодика континуирано го организира и координира работењето на Работната група.

Во декември 2016 год., до Секретаријатот за европски прашања беше доставена финалната верзија на Националната програма за преземање на законодавството на ЕУ (НПАА) за 2017 година.

Дванаесеттиот состанок на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика се одржа во јуни 2016 година во Скопје. Европската комисија, исто како и во претходната година, го потенцираше прогресот кој ДЗС го има направено во периодот помеѓу двата состанока.

Во ДЗС, во јуни 2016 година, се одржа годишна мисија на Евростат на која беа претставени идните планови и потреби за поддршка на ДЗС.

Во септември 2016 година, во посета на ДЗС и другите учесници во статистичкиот систем на Република Македонија беше г. Питер Евераерс, директор на Директоратот за соработка во Европскиот статистички систем, меѓународна соработка и ресурси при Евростат. На состанокот се дискутираше за напредокот на македонската официјална статистика во хармонизирањето со статистиката на Европската Унија, како и за идните планови и обврски за натамошно прогресивно интегрирање на ДЗС во Европскиот статистички систем со зајакнување на институцијата и на нејзината координативна улога во националниот статистички систем.

Во текот на 2016 година отпочнаа подготвителните активности за организација на Заедничката УНЕКЕ / Еуростат работна сесија за статистичка доверливост на податоците, која ќе се одржи во периодот од 20 до 22 септември 2017 година во Скопје и чијшто домаќин ќе биде Државниот завод за статистика.

Соработката помеѓу Евростат и ДЗС во процесот на примена на европското законодавство се реализира и преку постојаните консултации, оценки и препораки од Евростат.

## 4.2. Меѓународни проекти во кои беше вклучен ДЗС

### 4.2.1. Тековни проекти на Европската комисија:

- Национални проекти

**Национална програма ИПА 2012/2013**

Државниот завод за статистика е корисник на Националната програма ИПА 2012/2013, како дел од секторското фише за развивање на приватниот сектор.

Во рамките на програмата ИПА 2012, во тек е имплементацијата на твининг-проектот „Поддршка на Државниот завод за статистика во градењето на капацитетите и подобрување на усогласеноста со стандардите на Европската Унија“. Периодот на имплементација е октомври 2016 година - февруари 2018 година. Проектот е имплементиран од страна на Државниот завод за статистика на Република Македонија, Конзорциумот на Националниот институт за статистика на Италија, во функција на главен партнер (земја-членка), и Државниот завод за статистика на Република Словенија, во функција на помлад партнер (земја-членка).

Како резултат на склучениот договор за услуги „Tailor-made software development for data warehouse for economic statistics", подготвена е спецификација врз чија основа, во текот на 2016, завршена е првата фаза од подготовката на тендерската документација за ИПА 2013 финансиран проект за редизајн на Складиштето за национални сметки.

Државниот завод за статистика е корисник и на договор за набавка на персонални компјутери од ИПА 2013, за кој беше подготвена тендерска документација и доставена до ЦФЦД, а постапката за набавката се реализираше на почетокот на 2017.

- Повеќекориснички проекти

Повеќекорисничка програма за статистичка соработка ИПА 2014

Во тек е имплементацијата на Повеќекорисничката програма ИПА 2014. Реализацијата на Програмата започна на 1.10.2015 година, а ќе заврши на 31.8.2017 година. Доставен е периодичниот извештај за реализацијата на Програмата до Евростат.

Со грант-договорот се спроведуваат и следните 13 пилот-проекти:

1. Методологија за националните сметки;
2. Европски систем на сметки - програма за трансмисија; Квартални национални сметки;
3. Статистика на државни финансии;
4. Статистика на цени -ППП;
5. Деловни статистики - профилирање;
6. Статистика на меѓународната трговија со стоки;
7. Истражување во образованието за возрасни;
8. Употреба на информатичко-комуникациски технологии од домаќинства, физички лица и претпријатија;

9. Краткорочни статистики;
10. Статистика на цени - хармонизиран индекс на трошоците на животот;
11. Статистика на растителното производство;
12. Статистика на добиточното производство;
13. Ад хок анкета за структурата на фармите.

Покрај грант-договорот со Евростат, се спроведуваат и четири пилот-проекти преку договори за услуги со консултантската куќа - GOP A, и тоа:

1. Развивање на систем за метаподатоци;
2. Индикатори за ЈИЕ 2020;
3. Изворни податоци потребни за пресметка на индикатори за процедурите за макроекономска неурамнотеженост;
4. Управување со квалитет.

Планирани проекти на Европската комисија

Повеќекорисничка програма за статистичка соработка ИПА 2015

Потпишан е договорот за Повеќекорисничката програма за статистичка соработка ИПА 2015 помеѓу Државниот завод за статистика и Евростат. Имплементацијата на програмата се очекува да започне во јули 2017 и ќе трае до јули 2019. Програмата ги содржи следниве пилот-проекти: владини финансиски статистики, хармонизиран индекс на трошоците за живот, паритет на куповната моќ, деловен регистар, краткорочни деловни статистики, транспорт, туризам, Анкета за работната сила, ЕССПРОС, годишни статистики за растително производство, статистики за добиточно производство, дизајнирање на примерок, методолошки аспекти на Складиштето на податоци за националните сметки и Пилот-попис на населението, домаќинствата и становите.

**Национална програма ИПА 2017**

Во текот на 2016 година, Државниот завод за статистика работеше на програмирање на Националната програма ИПА 2017. ДЗС е дел од секторското фише за Реформа на јавната администрација, каде што планираните активности имаат за цел подобрување на статистиките за зајакнување на процесот на носење одлуки.

Учество на ДЗС во проекти на други институции

Државниот завод за статистика беше вклучен во проектот за воспоставување на национална рамка за интероперабилност кој го спроведува Министерството за информатичко општество и администарција преку програмата ИПА. Со овој проект се стандардизира и подобрува квалитетот на услугите и податоците во јавната администрација во целина. За ДЗС, постоењето на интероперабилна рамка е од посебно значење имајќи го предвид фактот дека ДЗС е корисник на информациите од административни извори во согласност со Законот за државната статистика.

Стандардизирањето и редизајнот на базите во административните институции според рамката за интероперабилност ќе придонесе за подобрување на квалитетот на податоците, а со тоа и нивната употребливост за статистички цели.

Во рамките на споменатиот проект беше набавена и инсталирана ИКТ опрема и софтвер кои се неопходни за користење на веб-сервисите достапни преку платформата за интероперабилност.

Во рамките на ОЕЦД Циклусот на конкурентност 2018 година, во надлежност на Кабинетот на заменик-претседателот на ВРМ, задолжен за економски прашања, се врши анализа на 17 димензии, а потоа се врши оценување на конкурентоста на РМ и нејзино рангирање во рамките на земјите од Југоисточна Европа. Државниот завод за статистика беше вклучен во доставувањето на индикаторите за 13 димензии. Податоците беа сукцесивно доставувани до 31.12.2016.

Државниот завод за статистика, во соработка со националните статистички заводи на Албанија и Бугарија, како и со невладини организации од трите земји, ги отпочна подготовките за проект за истражување на иновациските дејности кај малите и средните претпријатија. Подготвена е документацијата за аплицирање за средства заради реализација на проектот во текот на 2017 и 2018 година.

## 4.3. Комуникација и соработка со други институции

Во 2016 година, продолжи добрата практита на ДЗС да склучува Меморандум за соработка со високо образовните институции во земјата, при што беше склучен Меморандум со Универзитетот за информатички технологии „Св. Апостол Павле" од Охрид.

Во 2016 година беа започнати активностите за дефинирање на соработката помеѓу ДЗС и Агенцијата за катастар на Република Македонија.

Исто така, во 2016 година беа одржани и повеќе презентации од областа на статистиката за потребите на средните училишта и високообразовните институции во земјата.

Во 2016 година ДЗС го прослави Денот на македонската статистика, 1 јуни, одбележувајќи 71 години од основањето на Заводот со организација на изложба на цртежи од ученици од основните училишта во Република Македонија кои учествуваа на распишаниот конкурс на тема „Светот низ бројки.

Во рамките на одбележувањето на Европскиот ден на статистиката, ДЗС организираше Едукативен караван кој посети голем број средни училишта низ целата држава промовирајќи го значењето на статистиката.

## 5. ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВАШЕ ДЗС

Предизвиците со кои се соочуваше ДЗС во 2016 година можат да се лоцираат на три конкретни полиња и тоа:

- Модернизација на статистичкото производство,
- Недоставувањето, ненавременото и неточно доставување на податоци од одредени извештајни единици и
- Состојбата со просторот во кој е сместен ДЗС.

Структурата на буџетот на ДЗС за 2016 година е неповолна (точка 1.1.3). Имено, предоминантен е делот во буџетот за плати на вработените во однос на средствата за реализација на статистичката дејност на ДЗС. Меѓутоа, за разлика од претходните години, неопходно е да се констатира дека во однос на потребните финансиски средства за реализација на статистичките истражувања, во 2016 година, со непосредна поддршка од Министерството за финансии беа обезбедени потребните финансиски средства за нивна реализација. Во 2016 година беа спроведени и одредени статистички истражувања чиешто спроведување во претходните години беше одложувано поради недостиг на финансиски средства.

Меѓутоа, недостигот од финансиски средства неповолно се одразува на неопходната потреба од модернизација на статистичкото производство во делот на начинот на прибирање и обработка на податоците. Состојбата е особено неповолна во делот на набавка на посовремена информатичка опрема.

Проблемот на недоставувањето, ненавременото и неточно доставување на податоци од страна на одредени извештајни единици (деловни субјекти) трае подолго време и според наша оценка претежно е резултат на недоволната статистичка култура на деловните субјекти - извештајни единици, но и поради фактот дека непостоењето на соодветни служби во деловните субјекти и неуредени односи помеѓу книговодствените бироа кои во име на деловните субјекти ги пополнуваат статистичките извештаи, предизвикува статистичките извештаи до ДЗС да не се доставуваат. За надминување на овој проблем, од страна на вработените се вложуваат дополнителни напори (доставување на писмени ургенции, телефонски јавувања и др.), а се извршени и непосредни посети на извештајните единици. Исто така, Државниот завод за статистика, во непосредна комуникација со деловните субјекти, преку организирање на средби од страна на стопанските комори, влијаеше на зголемување на свесноста за важноста на статистичките податоци за самите субјекти и на кој начин и за кои цели може да ги користат официјалните статистички податоци.

Состојбата на зградата и целокупната инсталација на објектот (системот за парно греење, електричната инсталација и др.), односно просториите за работа на ДЗС и регионалните одделенија за статистика во Скопје и Тетово е константно неповолна и трае повеќе години, а за таквата состојба ДЗС континуирано ја известува Владата. Целосно решавање на проблемот во однос на работниот простор се очекува со преземање на работните простории од Министерството за транспорт и врски и преселување на вработените и опремата од РОС Скопје во Централниот завод, додека за РОС Тетово се превземаат активности кои во наредниот период би се решил проблемот и во тоа Регионално одделение. Исто така, во наредниот период ќе биде потребно и целосно реновирање на објектот.

# 6. КООРДИНАЦИЈА НА СТАТИСТИЧКИОТ СИСТЕМ И ОВЛАСТЕНИ НОСИТЕЛИ

Во согласност со член 21 од Законот за државната статистика, ДЗС, како координатор на статистичкиот систем, во соработка со овластените носители, подготвува и Извештај за активностите на овластените носители во однос на реализацијата на Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година. Според Законот, субјектите кои имаат статус на овластени носители се определуваат во самиот Закон за државната статистика и во Петгодишната програма за статистички истражувања. Покрај Народната банка на РМ, останати овластени носители се : Министерството за финансии, Агенцијата за вработување на РМ, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Управата за хидрометеоролошки работи и Институтот за јавно здравје. Во моментот, во примена е Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година.

Извештаи се добиени од сите овластени носители, освен од Министерството за правда.

## 6.1. Народна банка на Република Македонија

Во 2016 година Народната банка на Република Македонија спроведе вкупно 24 статистички истражувања, односно за три помалку во однос на 2015 година. Намалувањето е резултат на фактот дека три истражувања кои се спроведуваа во 2015 година, во 2016 година се инегрираа во едно ново истражување. Од спроведените статистички истражувања, 12 се со месечна периодика, 9 со тримесечна, 2 со годишна периодика и едно со полугодишна динамика.

### Методолошки подобрувања во статистичките истражувања

- Во однос на статистичките истражувања од Програмата за статистички истражувања 2013-2017 коишто се однесуваат на монетарната статистика (точка 2.03.03/01/01: „Биланс и преглед на НБРМ/ (1СР, 1СФ)", 2.03.03/01/02: „Биланс и преглед на останати депозитни институции (2СР, 2СФ)", 2.03.03/01/03: „Преглед на депозитни институции (3СФ)", 2.03.03/01/06: „Парична маса, депозити и кредити (5СР, ДЕП, КРЕД)"), Народната банка направи натамошно усогласување со најновите меѓународни стандарди, односно подготвена е нова временска серија на монетарниот сет на податоци според најновиот Прирачник на ММФ за монетарна статистика од 2016 година, со унапредена секторска и валутна поделба на финансиските инструменти и нова методологија за паричната маса, коишто ќе се објават во текот на 2017 година.
- Статистичкото истражување под точка 2.03.03/01/09: „Базична сметка на парични текови меѓу секторите во економијата" е укинато, со намера да се интензивираат активностите за изготвување на детални секторски финансиски сметки.

- Во однос на точката 2.03.03/01/16: „Финансиска сметка", во 2016 година интензивно се работеше на унапредување на квалитетот на податоците во првично изготвената верзија на финансиската сметка, како и на определување на најадекватните извори на податоци и изградба на детална методологија. Во рамките на активностите за воспоставување на нови извори на податоци за потребите на финансиската сметка, сетот на податоци беше збогатен со подетални податоци за финансиските средства и обврски на нефинансиските трговски друштва.
- Дополнително, во соработка со Министерството за финансии беше воведено ново квартално известување за состојбата и прометот на финансиските средства и обврски на буџетските корисници заради добивање подетални податоци за секторот Држава. Покрај тоа, за обезбедување на податоци за финансискиот инструмент хартии од вредност, по воведувањето на статистиката за вложување во хартии од вредност на резиденти во странство, во 2016 година беше остварен натамошен прогрес преку збогатување на расположливиот сет на податоци со издадените хартии од вредност на домашниот пазар (во согласност со потпишаниот договор за размена на податоци со Централниот депозитар на хартии од вредност).
- Во врска со точките 2.08.02/01/01: „Платен биланс", 2.08.03/01/02: „Странски директни инвестиции - состојби (СДИ СОСТОЈБИ)" и 2.08.03/01/04: „Меѓународна инвестициска позиција (МИП)", беше подобрен опфатот на податоците кај ставките: директни инвестиции (преку вклучување на детални податоци за трговските кредити) и портфолио инвестиции (преку вклучување на сеопфатни податоци за вложувањата на домашните инвеститори во хартии од вредност на странски финансиски пазари). Дополнително, заради унапредување на методологијата за процена на приватните трансфери во платниот биланс, се презедоа активности за спроведување на нова анкета за приватните трансфери.
- Во врска со статистичките истражувања од областа на платежната статистика (точките 2.03.03/01/12, 2.03.03/01/13 и 2.03.03/01/14 од „Програмата за статистички истражувања 2013-2017"), со цел хармонизација со меѓународните статистички стандарди, во 2016 година се воведе ново статистичко истражување - 2.03.03/01/16: „Статистички извештаи за извршени активности во платниот промет ", со коешто се укинаа статистичките истражувања по горенаведените точки. Замената на постоечките со ново статистичко истражување произлезе и од потребата за продукција на унифицирани статистички податоци кои се предмет на известување во делот на платежната статистика коишто едновремено ќе обезбедат и поголема меѓународна споредливост.

## Новитети во статистичките истражувања

- Почнувајќи од јануари 2016 година, Народната банка донесе нови подзаконски акти со кои се усвои нова методологија за прикажување на податоците во доменот на платежната статистика, со што во значителна мера се постигна усогласеност на податоците со барањата од Регулативата за платежната статистика бр. 1409/2013 на Европската централна банка. Со новата методолошка рамка и новото апликативно решение за доставување на податоците од известувачите се обезбедува подобар опфат и попрецизно статистичко прикажување на клучните показатели во доменот на платниот промет и платежните инструменти, што придонесува за унапредување на квалитетот на статистичките податоци.

Во областа на екстерните статистики, НБРМ започна со: (1) редовно полугодишно продуцирање и доставување на извештајот за вложувањата во хартии од вредност во рамките на официјалните девизни резерви по земји (SEFER) до ММФ; и (2) редовно полугодишно продуцирање и доставување на податоци за вложувањата во странство врз основа на портфолио-инвестиции, т.е. се приклучи кон кварталниот прашалник за портфолио инвестиции (CPIS) на ММФ. Со вклучувањето во CPIS се исполни уште еден од бараните критериуми за членство во СДДС плус стандардот на ММФ за дисеминација на податоци, со што Република Македонија се доближува до исполнување на неопходните барања за приклучување кон овој стандард.

Во поглед на напорите за соодветна примена на меѓународните статистички класификации, НБРМ изврши усогласување на дел од подзаконската регулатива со новата Национална класификација на институционалните сектори, со што се заокружи процесот на имплементација на унифицирана секторизација со ДЗС.

- Соработката со Државниот завод за статистика (ДЗС) и Министерството за финансии (МФ), во делот на методолошки подобрувања на статистичките истражувања од заеднички интерес, беше дополнително зајакната преку формирање на меѓуинституционалните работни групи за статистика на финансиски сметки и за известувањето за прекумерен долг и дефицит. Солидната соработка помеѓу НБРМ, ДЗС и МФ беше интензивирана преку натамошно подобрување на меѓусебната координација во делот на статистичката функција и зголемен обем на размена на податоци, што беше поддржано и преку потпишувањето на нов Анекс кон Меморандумот за разбирање и соработка во областа на макроекономските и финансиските статистики.

### Број на вработени во НБРМ кои работат на статистички истражувања

Вкупно 52 вработени во Народната банка работат на статистички истражувања, и тоа:

- 6 вработени работат на истражувањата за Анкетата за инфлациски очекувања, Анкетата за кредитна активност и цените на недвижности;
- 5 вработени работат на пресметка на индикаторите за финансиска стабилност;
- 39 вработени работат на статистичките истражувања од областа на монетарната и финансиската статистика, како и екстерните статистики;
- 2 вработени работат на статистичките истражувања од областа на платежната статистика.

### Дисеминација на статистичките податоци

Податоците од статистичките истражувања во надлежност на Народната банка се објавуваат на интернет-страницата на НБРМ, со соодветна периодика и рок за публикување утврдени во Програмата. Во однос на комуникацијата со корисниците, во 2016 година започна редовното објавување на соопштенија за печат за основните статистички збирки на податоци чиешто објавување е во надлежност на НБРМ, истовремено со објавувањето на податоците.

Во однос на точка 2.08.03/01/03: „Странски директни инвестиции - движења (СДИ ДВИЖЕЊА)", започна редовно објавување на временска серија на податоци за движењата по директните инвестиции (во земјата и во странство), по земји и по дејности.

### Меѓународната активност и странската помош

Во 2016 година продолжи практиката на континуирано унапредување на капацитетот на Народната банка во доменот на статистиката, преку обуки и соработка со централни банки од земјите-членки на ЕУ преку инструментот за претпристапна помош на земјите-кандидати за членство во ЕУ - ТАИЕКС (TAIEX). Поконкретно, беа реализирани следните активности:

- Експертска мисија за статистиката на хартии од вредност, за потребите на монетарната и статистиката на финансиски сметки, која се одржа во март 2016 година, во соработка со Банката на Италија;
- Последователна експерстка мисија за статистика на каматни стапки на монетарни финансиски институции (Expert Mission on Monetary Financial Institutions Interest Rates Statistics), која се одржа во април 2016 година, во соработка со Централната банка на Австрија;
- Експертска мисија за потребните прилагодувања на системот на прибирање на податоци за потребите на екстерните статистики во согласност со барањата на BPM6, одржана во октомври 2016 година, во соработка со Централната банка на Германија;
- Дополнително, беше реализирана посета од страна на генералниот директор на Директоратот за статистика во Европската централна банка, при што беше организирано и предавање на тема „Предизвиците поврзани со растечката важност на централнобанкарските статистики за економските политики во посткризниот период".

## 6.2.Министерство за финансии

Министерството за финансии во 2016 година има спроведено вкупно 18 статистички истражувања. Од истражувањата, 12 се со месечна периодика, 4 се со тримесечна и 2 со годишна периодика.

### Број на вработени во Министерството кои работат на статистички истражувања

Во Министерството пет вработени се ангажирани за спроведување на статистички истражувања.

### Дисеминација на статистичките податоци

Податоците од статистичките истражувања, според календарот на навременост, редовно се објавуваат на веб-страницата на Министерството.

### Меѓународна активност и странска помош

Меѓународната активност и странската помош се реализираат во рамките на Регионалниот проект на ММФ и ГФС/ЕСА методологијата.

До Заводот не се доставени информации за методолошките подобрувања, новитетите во статистичките истражувања и за проблемите со кои се соочуваше Министерството во 2016 година побарани со Образец 1 кој се однесува на истражувањата и активностите реализирани во 2016 година во согласност со Програмата за статистички истражувања, 2013-2017 година.

## 6.3. Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија во 2016 година има спроведено, како и во 2015 година, вкупно 5 статистички истражувања со годишна периодика.

### Број на вработени во Фондот кои работат на статистички истражувања

Во Фондот, за спроведување на истражувањата е ангажиран еден вработен.

### Дисеминација на статистичките податоци

Податоците од статистичките истражувања тековно се објавуваат на веб-страницата на Фондот.

До Заводот не се доставени информации за методолошките подобрувања, новитетите во статистичките истражувања, меѓународната активност и странската помош, како и за проблемите со кои се соочуваше Фондот во 2016 година побарани со Образец 1 кој се однесува на истражувањата и активностите реализирани во 2016 година во согласност со Програмата за статистички истражувања, 2013-2017 година.

## 6.4. Министерство за внатрешни работи

Министерството за внатрешни работи во 2016 година, како и во 2015 година, спроведе вкупно 3 статистички истражувања , од кои 1 е со месечна периодика и 2 со годишна периодика.

### Број на вработени во Министерството кои работат на статистички истражувања

Во Министерството, за спроведување на истражувањата се ангажирани вкупно 5 вработени.

### Дисеминација на статистичките податоци

Податоците од статистичките истражувања тековно се објавуваат на веб-страницата на Министерството, а се доставуваат на месечно и на годишно ниво до Државниот завод за статистика.

До Заводот не се доставени информации за методолошките подобрувања, новитетите во статистичките истражувања, меѓународната активност и странската помош и за проблемите со кои се соочуваше Министерството во 2016 година побарани со Образец 1 кој се однесува на истражувањата и активностите реализирани во 2016 година во согласност со Програмата за статистички истражувања, 2013-2017 година.

## 6.5. Управа за хидрометеролошки работи

Управата за хидрометеролошки работи во 2016 година спроведе вкупно 6 статистички истражувања од кои 3 се месечни, 1 тримесечно и 3 годишни истражувања. Бројот на истражувањата е ист како и во 2015 година.

### Број на вработени во Управата кои работат на статистички истражувања

За реализација на статистичките истражувања се ангажирани вкупно 15 вработени.

### Дисеминација на статистичките податоци

Дисеминацијата на податоците се реализира преку објавување на податоците, подготовка на информации до медиумите и разни баратели, месечни и годишни извештаи за квалитет на површинските води до МЖСПП а се доставуваат на годишно ниво до Државниот завод за статистика.

### Меѓународна активност и странска помош

Меѓународната активност и странската помош се реализираат преку ГИЗ (Германска техничка помош) во рамките на проектот Адаптација на климатските промени во сливот на реката Дрим и UNDP Monitoring programme for Strumica River Basin.

### Проблеми со кои се соочуваше Управата

Од страна на Управата се нотирани следните проблеми во однос на реализацијата на нивната дејност, а кои се во непосредна корелација со квалитетот на добиените податоци од истражувањата:

- недостиг од стручен кадар;
- недостиг на буџетски средства за квалитетно одржување на метеоролошкиот и хидролошкиот набљудувачки систем,
- потреба од теренски возила за оперативни активности и одржување на метеоролошкиот и хидролошкиот набљудувачки систем;
- недостиг на буџетски средства за одржување и надградба на базата на климатолошки податоци и соодветни софтверски статистички алатки;
- потреба од соодветни бази на податоци,
- потреба од соодветни обуки.

## 6.6. Институт за јавно здравје на Република Македонија

Институтот за јавно здравје на Република Македонија во 2016 година спроведе вкупно 16 статистички истражувања со годишна периодика.

### Број на вработени во Институтот кои работат на статистички истражувања

Во Институтот, за спроведување на истражувањата се ангажирани вкупно 23 вработени.

### Дисеминација на статистичките податоци

Податоците од статистичките истражувања тековно се објавуваат на веб-страницата на Институтот, а се доставуваат на годишно ниво до Државниот завод за статистика.

Институтот има развиено публицистичка дејност, односно во текот на 2016 година има публицирано вкупно 21 публикација.

### Меѓународна активност и странска помош

Меѓународната активност и странската помош се реализираат преку Global fond-одржување на ниска преваленца на HIV-SIDA во РМ-одржлив развој и проект на SECID (South East European Center of Infectious Diseases Surveillance and Control) финансиран од SDS - Надзор и одговор на птичји и пандемски грип.

До Заводот не се доставени информации за методолошките подобрувања, новитетите во статистичките истражувања и за проблемите со кои се соочуваше Институтот во 2016 година, побарани со Образец 1 кој се однесува на истражувањата и активностите реализирани во 2016 година во согласност со Програмата за статистички истражувања, 2013-2017 година.

## 6.7. Агенција за вработување на Република Македонија

Агенцијата за вработување на Република Македонија во 2016 година спроведе вкупно 3 статистички истражувања со месечна периодика.

До Заводот не се доставени информации за методолошките подобрувања во статистичките истражувања, новитетите во статистичките истражувања, бројот на вработените кои работат на статистички истражувања, публицистичка дејност, мегународна активност и странска помош и за проблемите со кои се соочуваше Агенцијата, побарани со Образец 1 кој се однесува на истражувањата и активностите реализирани во 2016 година во согласност со Програмата за статистички истражувања, 2013-2017 година.

## 6.8. Согледувања на Државниот завод за статистика

Од доставените извештаи, ДЗС може да констатира дека одредени овластени носители и понатаму (освен НБРМ и МФ) не успеваат во потполност да ги исполнат бараните критериуми и дадените надлежности утврдени во Законот за државната статистика и во Програмата за статистички истражувања. Како причина може да се истакне недоволната обученост на лицата кои работат на статистичките истражувања или, пак, статистиката им претставува дополнителна работна активност. Од тие причини, потребни се дополнителни финансиски средства за нивна обука со цел поголемо ангажирање во имплементацијата на статистичките стандарди и методологии, прибирањето и обработката на статистичките податоци, дисеминацијата на статистичките податоци и заштитата на доверливоста на податоците со кои располагаат.

Сето ова влијае на квалитетот на статистичките податоци добиени од страна на дел од овластените носители, притоа имајќи го предвид фактот дека податоците кои произлегуваат од статистичките истражувања кои се содржани во Петгодишната програма за статистички истражувања претставуваат официјални статистички податоци. Во наредниот период, кај овластените носители е потребно кадровско зајакнување со нови вработувања, како и редовна обука за полесно прифаќање и следење на европските методологии и стандарди и планирање на нови форми на соработка.

Во наредниот период (тековната 2017 и 2018), особено во постапката за подготовка на новата Програма за статистички истражувања за периодот 2018-2022 година, за надминување на евидентниот проблем, ДЗС, во соработка со овластените носители и другите чинители во статистичкиот систем на земјата, ќе преземе соодветни активности со цел надминување на проблемите и имплементација на европските стандарди во областа на статистиката.

## Кратенки:

ДЗС - Државен завод за статистика

COICOP -Класификација на личната потрошувачка по намена ЕУ - Европска Унија

ИПА - (Instrument for Pre-Accession Assistance) Инструмент за претпристапна помош

Евростат - Статистички завод на Европските заедници

еСтат - ИТ систем за автоматско метадата базирано генерирање на веб-форми за прибирање на податоци преку интернет

ММФ- Меѓународен монетарен фонд

ESS - (European Statistical System) Европски статистички систем

ISCED - Меѓународна стандардна класификација на образованието

ИТ - Информатичка технологија

eDamis - Electronic Data files Administration and Management Information System

ЕССПРОС- Европски систем на интегрирана статистика за социјална заштита

НКД - Национална класификација на дејностите, Рев. 2

БДП - Бруто-домашен производ

ФИСИМ - Финансиски услуги мерени индиректно

АПУЖ - Анкета за приходи и услови за живеење

РОС - Регионални одделенија за статистика

НИП - Номенклатура на индустриски производи

НБРМ- Народна банка на Република Македонија

НПАА - Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија

НРМЕ- Национален едитор за референтни метаподатоци на Евростат

ПИМ – Метод на постојано инвентарисување

SMIS+ - Statistical Management Information System

СБПМ – Статистички бизнис процес модел

SDDS- (Special Data Dissemination Standard) Специјален систем за дисеминација на податоци

SDMX – Statistical Data and Metadata Exchange

CATI-(Computer assisted telephone interviewing) Компјутерски асистирано интервјуирање со телефон

HICP - Хармонизиран индекс на трошоците на животот
PR – Peer Review